**ДОГОВОР**
**за јавна набавка**
**Склучен на ден 09.07. 2015 година**

**1. НАРАЧАТЕЛОТ**: ОПШТИНА ЗРНОВЦИ Зрновци претставувана од градоначалникот на Општина Зрновци г-нот Блаже Станков дипл.економист по угустителство ( во понаатамошниот текст: нарачател) и

**2. ПРОЕКТАНТ** : ДПГПП ЕРКОМ ИНЖЕНЕРИНГ Снежана ДООЕЛ Кочани со седиштен на Ул. Иво Лола Рибар бр. 18 Кочани , застапувана од управителот Снежана Данилова од Кочани (во понатамошниот текст :проектант)

## 1.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЦЕНИ И РОКОВИ :

Член 1

Согласно проектната задача Предмет на овој договор е изработка на техничка документација на ниво на Основен проект со ревизија за локален пат од м.в Фудбалско игралиште до м.в Малеово с. Зрновци Општина Зрновци врз основа на спроведена постапка по Оглас со Барање за прибирање на понуди објавен на Веб страната на Бирото за јавни набавки бр. 1/2015 година Составен дел на договорот е Извештајот за текот на е- Аукцијата за набавка на изработка на техничка документација на ниво на Основен проект со ревизија за локален пат од м.в Фудбалско игралиште до м.в Малеово с. Зрновци Општина Зрновци

Член 2

Единечна цена на набавката – предмет на овој договор е утврдена во Извештајот за текот на аукцијата во износ од 50.300,00 денари без пресметан ДДВ .

Член 3

Проектантот е должен сите работи предвидени во член 1 од овој Договор да ги заврши за 25 дена од воведување во работа, односно работите да се завршат до 10.08.2015 година.

## 2.) ПРАВА И ОБВРСКИ НА НАРАЧАТЕЛОТ

Член 4

Нарачателот има право да го раскине договорот ако работите се извршуваат спротивно на: деталните технички напаствија и прописи и ако работите не се извршуваат согласно стандардите за проектирање и изработка на проекти .

Додека пак во случај на доцнење на предметната набавка од страна на носителот на набавката , Нарачателот има право на надомест на штета и договорна казна –пенали во висина од 0,1% дневно од вредноста на договорот

Во случај на примена на ставот 2 од овој член носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на набавувачот .

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Член 5

По завршување на целокупната работа , нарачателот е должен да го прими Основен проект со ревизија за локален пат од м.в Фудбалско игралиште до м.в Малеово с. Зрновци Општина Зрновци

Член 6

Плаќањето ке се врши вирмански по доставена фактура , откако Општина Зрновци ќе ги добие средствата одобрени по Договор бр. 14-422/1 од 04.05.2015 година од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој Скопје , и откако претходно ќе биде извршена и изготвена ревизија на Основен проект локален пат од м.в Фудбалско игралиште до м.в Малеово с. Зрновци Општина Зрновци.

**КВАЛИТАТИВНА И КВАНТИТАТИВНА КОНТРОЛА**

Член 7

Квалитативен и квантитативна контрола на проектот ќе се изврши со самата ревизија .

Член 8

Нарачателот е должен доколку открие материјални недостатоци на проектот веднаш или најдоцна во рок од 8(осум) дена да го извести носителот на набавката . Во спротивно проектантот нема да одговара на недостатоците

**3.)ОБВРСКИ НА ПРОЕКТАНТОТ**

Член 9

Проектантот е должен да ги изврши сите работи во договорениот рок према техничките правила и прописи за изготвување на техничка документација .

Член 10

Проектантот гарантира за солидарноста и квалитетот на проектот.

Проектантот е должен сите недостатоци кои настанале или би се појавиле да ги отклони на свој трошок , без право на посебна надокнада и да ги изврши на писмено барање од нарачателот .

**4.)ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 11

Договорот е склучен помеѓу Нарачателот и Проектантот согласно одредбите од Законот за јавни набавки (Сл. весник на РМ бр. 136/08).

Член 12

За се што не е предвидено во овој договор важи законот за изградба на инвестициони објекти , а во случај на спор надлежен е Основниот суд во Кочани .

Член 13

Овој Договор е составен во 6(шест) еднакви примероци од кои по 3 на двете договорени страни .

| **НАРАЧАТЕЛ** | **ПРОЕКТАНТ** |
|---|---|
| ____________________ | ____________________ |
| Градоначалник<br>Блаже Станков | ДПГПП ЕРКОМ ИНЖЕНЕРИНГ Снежана ДООЕЛ<br>Снежана Данилова |

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)